СЛУЖ[...]
НА СОЦИЈАЛИСТИЧ[...] [...]АВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Четврток, 20 јануари 1972
БЕЛГРАД
БРОЈ 3 ГОД. XXVIII

[...]ој број е 4 динари. — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671.

**13.**

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ ШТО ГИ ВРШИ БИРОТО ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПОПЛАКИ НА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА ВО ВРСКА СО ИСПИТУВАЊЕТО НА ПРЕТСТАВКИТЕ И ПОПЛАКИТЕ УПАТЕНИ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Бирото за претставки и поплаки на Сојузната скупштина ги врши стручните работи во врска со испитувањето на претставките и поплаките што на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија (во понатамошниот текст: Претседателството) му ги упатуваат или непосредно поднесуваат граѓани, работни и други организации; ги следи и ги анализира врз основа на примените претставки и поплаки појавите на кои граѓаните, работните и другите организации укажуваат во претставките и поплаките и за тоа го известува Претседателството; врши и други работи во врска со претставките и поплаките што ќе му ги довери Претседателството.

2. Работите од точка 1 на оваа одлука Бирото за претставки и поплаки на Сојузната скупштина ги врши според упатствата и заклучоците на Комисијата за жалби и претставки на Претседателството.

3. За претставките и поплаките упатени до Претседателството, Бирото за претставки и поплаки на Сојузната скупштина води посебна евиденција.

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 731/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

**14.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА СПИСАНИЕТО „DER SPIEGEL“

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на списанието „Der Spiegel“ број 1/2 од 3 јануари 1972 година, кое излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/55
6 јануари 1972 година
Белград

Сојузен секретар за внатрешни работи,
**Лука Бановиќ**, с. р.

**15.**

Врз основа на член 31 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70, 25/70 и 58/71), сојузниот секретар за финансии пропишува

## УПАТСТВО

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА УПАТСТВОТО ЗА ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКАТА ОСНОВИЦА И ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА

1. Во Упатството за постапката за утврдување на царинската основица и за остварување на правото на ослободување од плаќање на царина („Службен лист на СФРЈ“, бр. 39/65, 14/66, 32/67, 30/70 и 51/70) по точка 1 се додава нова точка 1а, која гласи:

„1а. Вредноста на увезените стоки изразена во странска валута, се пресметува во динари врз основа на паритетниот курс на таа валута што Народната банка на Југославија го утврдува според член 2 став 1 од Законот за паритетот на динарот („Службен лист на СФРЈ“, бр. 58/71).“

2. Во точка 6 став 2 под 1 зборовите: „една година“ се заменуваат со зборовите: „две години“.

Во став 5 одредбите 1 до 37 се менуваат и гласат:

„1) 1 телевизор, со уреди што му припаѓаат;

2) 1 радио-апарат, со уреди што му припаѓаат;

3) 1 магнетофон, со уреди што му припаѓаат и со 20 ленти;

4) 1 грамофон, со уреди што му припаѓаат и со 100 плочи;

5) 1 фрижидер;

6) 1 шпорет електричен, на гас или комбиниран;

7) 1 правосмукалка, со уреди што ѝ припаѓаат;

8) 1 машина за перење рубелина, со уреди што ѝ припаѓаат;

9) 1 транзисторски радио-приемник;

10) 1 апарат за мелење и мешање прехранбени продукти — кујнски миксер (комплет);

11) 1 грејач, греалка или радијатор електричен или на гас;

12) сите сошиени текстилни и кожени стоки за лична или домашна употреба;
13) книги и списанија на домашни и странски автори;
14) сите видови мебел, постелина, завеси и сл.;
15) прибор за јадење и сервиси до 12 лица и соодветни кујнски предмети и садови;
16) 2 тепиха;
17) други предмети за домаќинство во вредност до 1.000 динари."

По став 6 се додава нов став 7, кој гласи:

„Во постапката за царинење царинарницата со преглед на стоките утврдува дека се во прашање употребувани предмети. Корисникот на повластицата ѝ поднесува на царинарницата докази врз основа на кои може да се утврди дека предметите што ги увезува ги употребувал во своето домаќинство. Како доказ дека предметите што ги увезува ги употребувал во странство во сопственото домаќинство корисникот на повластицата може да ѝ поднесе на царинарницата сметка за купување или друга соодветна исправа, признаница за плаќањето на претплатата на телевизија, договор за закуп на стан, полиса за осигурувањето на стан, како и други докази со кои можат да се докажат овие факти."

3. По точка 6 се додава нова точка 6а, која гласи:

„6а. Корисникот на повластицата од член 18 точка 3б став 1 на Законот е должен кон барањето за ослободување од плаќање на царина да ѝ поднесе на царинарницата:

1) потврда од дипломатско-конзуларното претставништво дека на работа во странство поминал непрекинато најмалку две години или 24 месеци во три години едноподруго;
2) писмена изјава дека се враќа на постојан престој во земјата;
3) писмена изјава дека за последните пет календарски години не користел повластица по овој основ;
4) список на предметите на домаќинството што ги внесува или прима од странство, односно што дополнително ќе ги внесе.

Во поглед списокот на домаќинството и количината на тие предмети што според оваа точка можат да се увезат се применуваат одредбите од точка 6 на ова упатство.

Корисникот на повластицата од член 18 точка 3б став 2 од Законот, покрај потврдата од дипломатско-конзуларното претставништво и писмената изјава, е должен да ѝ поднесе на царинарницата потврда од надлежниот орган на општината дека може да врши соодветна услужна или занаетчиска дејност, односно докази дека се занимава со земјоделска дејност.

За кои предмети на стопански инвентар може да се користи повластицата од член 18 точка 3б став 2 од Законот ќе се утврди со посебен пропис на сојузниот секретар за финансии."

4. Како вредност на стоките од член 18 точка 3б на Законот се подразбира вредноста на стоките што претставува царинска основица за пресметка на царинските давачки.

5. Лицата што до 22 декември 1971 година се вратиле во Југославија и со тоа се здобиле со правото на користење на повластицата според член 18 точка 3 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65, 49/66, 5/67, 54/67, 9/68, 22/68, 30/68, 17/69, 27/69, 52/69, 22/70 и 25/70), тие повластици ги остваруваат по постапката утврдена со тој закон и со прописите донесени врз основа на тој закон.

6. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3-9/61
5 јануари 1972 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
**Јанко Смоле, с. р.**

**16.**

Врз основа на член 12 став 2 точка 4, во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/70), директорот на Сојузната управа за царини донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА ТИТОГРАД СО СЕДИШТЕ ВО НИКШИЌ

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Титоград со седиште во Никшиќ.
2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 март 1972 година.

03 бр. 1712/1
30 декември 1971 година
Белград

Го заменува директорот на Сојузната управа за царини,
**Димитар Алексиевски, с. р.**

**17.**

Врз основа на член 12 став 2 точка 4, во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/70), директорот на Сојузната управа за царини донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА ЦЕЉЕ СО СЕДИШТЕ ВО ВЕЛЕЊЕ

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Цеље со седиште во Велење.
2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 март 1972 година.

03 бр. 14844/1
30 декември 1971 година
Белград

Го заменува директорот на Сојузната управа за царини,
**Димитар Алексиевски, с. р.**

**18.**

Врз основа на член 12 став 2 точка 4, во врска со член 30 од Законот за царинската служба („Службен лист на СФРЈ", бр. 54/70), директорот на Сојузната управа за царини донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОТВОРАЊЕ НА ЦАРИНСКА ИСПОСТАВА НА ЦАРИНАРНИЦАТА ВРШАЦ СО СЕДИШТЕ ВО КАЛУЃЕРОВО

1. Се отвора Царинска испостава на Царинарницата Вршац со седиште во Калуѓерово.
2. Царинската испостава од точка 1 на ова решение почнува со работа на 1 февруари 1972 година.

03 бр. 86/1
6 јануари 1972 година
Белград

Директор на Сојузната управа за царини,
**Кемал Тарабар, с. р.**

**19.**

Врз основа на точка 2 од Одлуката за мерките и начинот за утврдување посебна давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/68, 27/68 и 30/69), во согласност со сојузниот секретар за стопанство и со сојузниот секретар за надворешна трговија, директорот на Сојузниот завод за цени издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНЕНИЕ НА НАРЕДБАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ПОСЕБНАТА ДАВАЧКА ПРИ УВОЗОТ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Наредбата за височината на посебната давачка при увозот на одделни земјоделски и прехранбени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 11/71, 15/71, 17/71, 19/71, 21/71, 48/71, 51/71, 54/71, 56/71 и 60/71) во точка 1 одредбите под 99, 100 и 101 се менуваат и гласат:

„99) 24.01/2а Ферментиран тутун во лист, македонски — ориентален во износ од 6 динари за 1 килограм;

100) 24.01/2в Ферментиран тутун во лист, војводински — црни тутуни во износ од 0,35 динари за 1 килограм;

101) 24.01/2г Ферментиран тутун во лист, друг:
а) „Вирџинија" во износ од 0,15 динари за 1 килограм.
б) друг неспоменат во износ од 0,35 динари за 1 килограм;

Посебната давачка според одредбите 99, 100 и 101 нема да се плаќа на ферментираниот тутун за цигари по лиценци, како и за ферментираниот тутун за обвивка и повој на пури;".

Во одредбата под 106 на крајот точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат две нови одредби, кои гласат:

„107) 20.01/1в и 2 Зеленчук и овошје, приготвени или конзервирани во оцет или во оцетна киселина, со или без шеќер, па и со додаток на сол, на зачини или на синап, други со износ од 2 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неоддeливата амбалажа;

108) 20.02/5в Зеленчук, приготви или конзервиран на друг начин, освен со оцет или со оцетна киселина, друг во износ од 2 динари за 1 килограм бруто-тежина, вклучувајќи ја и неоддeливата амбалажа.".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 17-12/1
12 јануари 1972 година
Белград

Го заменува директорот
помошник-директор
на Сојузниот завод
за цени,
**Петар Шмит**, с. р.

**20.**

Врз основа на член 23 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71) и член 14 став 3 и член 15 став 2 од Законот за Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 47/66, 55/68 и 27/71), Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСОЧИНАТА НА ЗАДОЛЖИТЕЛНАТА РЕЗЕРВА НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ КАЈ НАРОДНАТА БАНКА НА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66, 48/67, 5/68, 11/68, 17/68, 25/68, 30/68, 46/68, 5/69, 32/69, 34/69, 6/70, 29/70, 18/71, 22/71, 26/71, 32/71, 36/71, 42/71, 51/71 и 2/72) во точка 1 по став 1 се додаваат два нови става, кои гласат:

„На средствата што граѓаните ги држат кај банките на девизни сметки во вид на депозити по видување и депозити орочени до една година, деловните банки се должни да држат задолжителна резерва кај Народната банка на Југославија во височина од 20% од тие депозити.

По исклучок, во 1972 година банките ќе пресметуваат задолжителна резерва на средствата од став 2 на оваа точка така што во пресметката за јануари ќе ја применат стапката од 2%, а секој нареден месец таа стапка ќе ја зголемуваат за понатамошни 2%, така што стапката од 20% ќе ја применуваат почнувајќи од октомври 1972 година."

2. Во точка 2 по зборовите: „кај банките" се додаваат запирка и зборовите: „освен средствата од точка 1 став 2 на оваа одлука".

3. Оваа одлука влегува во сила на 31 јануари 1972 година.

О. бр. 2
13 јануари 1972 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Вицегувернер,
**Бранислав Чолановиќ**, с.р.

**21.**

Врз основа на член 23 од Уставниот закон за спроведување на Уставните амандмани XX до XLI („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/71) и чл. 15 и 24 од Законот на Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/65, 47/66, 55/68 и 27/71), Советот на гувернерите на Народната банка на Југославија донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ДЕПОЗИТОТ НА ДЕЛОВНИТЕ БАНКИ НА КОИ БАНКИТЕ НЕ ПРЕСМЕТУВААТ И НЕ ИЗДВОЈУВААТ ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА

1. Деловните банки не се должни да пресметуваат и да издвојуваат задолжителна резерва кај Народната банка на Југославија во смисла на точка 1 ст. 2 и 3 од Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 51/66, 48/67, 5/68, 11/68, 17/68, 25/68, 30/68, 46/68, 5/69, 32/69, 34/69, 6/70, 29/70, 18/71, 22/71, 26/71, 32/71, 36/71, 42/71, 51/71, 2/72 и 3/72), ако најмалку 20% на средствата од точка 1 став 2 на таа одлука непосредно или преку

други банки користат за давање кредити на граѓани што од својата девизна сметка или од девизниот штеден влог а во корист на тековните девизни резерви им продаваат девизи што се од значење за одржување на ликвидноста во меѓународните плаќања на Југославија и ако тие кредити ги даваат за намените и под условите од оваа одлука.

2. Кредитите во смисла на точка 1 од оваа одлука деловните банки можат да ги даваат за следните намени:

1) за станбена изградба и за изградба на деловни простории;

2) за адаптација, поправка и реконструкција на станбени згради и деловни простории;

3) за купување на опрема и друг деловен инвентар од домашно производство заради вршење на стопанска дејност (опремање на деловни згради, на туристички објекти, на деловни работилници и сл.).

Како кредити за станбена изградба и за изградба на деловни простории, дадени во смисла на одредбата на став 1 од оваа точка, се сметаат кредитите што се дадени за изградба на станови и деловни простории преку изведувачи на работи или во сопствена режија и кредитите што се дадени за купување на готови станови и деловни простории од производители. Во деловни простории што можат да се изградуваат односно да се купуваат од производители спаѓаат и земјоделските економски згради и деловни простории (објекти) за вршење на туристичка и угостителска дејност, без оглед дали во тие згради и простории има простории за ноќевање.

Како кредити за адаптации, поправки и реконструкции на станбени згради и деловни простории се сметаат кредитите дадени на граѓани што се сопственици на стан или на станбена зграда односно на деловна просторија или на деловна зграда. Во овие кредити спаѓаат и кредитите дадени на граѓани за адаптации, поправки и реконструкции на станови односно на деловни простории во општествена сопственост што тие ги користат, ако за нивното целосно користење е неопходно и е одобрено изведување на тие работи.

3. Кредитите од точка 2 на оваа одлука деловните банки можат да ги даваат под следните услови:

1) износот на дадените кредити да не може да биде поголем од износот кој претставува 150% од динарската противвредност на продадените девизи, освен ако разликата над тој износ банката ја покрива со свои други банкарски средства;

2) граѓаните-корисници на тие кредити динарските средства што ги добиваат од продажбата на девизи да ги употребат како минимално сопствено учество во финансирањето на работите односно на набавките што се кредитираат;

3) вкупниот износ на одобрениот кредит и на сопственото учество да не може да биде поголем од вредноста на работите односно на набавките што е утврдена со соодветната документација. Ако кредитот се дава по фазите на работите, збирот на сите одобрени кредити и на сопственото учество не може да биде поголем од вкупната вредност на работите односно на набавките;

4) исплатите од средствата на кредитот и од средствата на сопственото учество да се вршат, по правило, по вирмански пат односно по пат на кредитни писма, врз основа на соодветна исплатна документација (фактури, отпратници, ситуации, пресметки на работи и др.), а по пат на готовински плаќања само ако станбената изградба или изградбата на деловни простории корисникот на кредитот ја врши во сопствена режија, со тоа што износот на готовинските плаќања да не може да биде поголем од износот на минималното сопствено учество и таквите исплати корисникот да ги оправда кај банката;

5) средствата на кредитот само по исклучок да можат да се користат за исплатување на набавки на увезен материјал и уреди за вградување во станбена зграда или во деловна просторија, ако се во прашање дефицитарни материјали и уреди од домашно производство и ако таквите исплати не преминуваат 30% од износот на минималното сопствено учество. Ако корисникот обезбедил сопствено учество поголемо од минималното, т.е. над износот на динарската противвредност од откупените девизи, може и дел од учеството што го надминува минималното учество да користи за исплатување на набавки на увезен материјал и уреди;

6) роковите за враќање на кредитите да не можат да бидат подолги од:

— 15 години, по кредитите за станбена изградба и за изградба на деловни простории;

— 5 години, по кредитите за набавка на деловен инвентар и опрема и по кредитите за адаптации, поправки и реконструкции на станбени згради и деловни простории;

7) каматата по кредитите да не може да биде поголема од девизната камата која се плаќа на средствата по видување на девизните сметки на граѓаните и на девизните штедни влогови.

4. Деловните банки што до денот на влегувањето во сила на оваа одлука ги пласирале во други намени средствата на депозитот на девизните сметки на граѓаните, не се должни на тие средства да пресметуваат и да издвојуваат задолжителна резерва во 1972 година, ако за кредитите од оваа одлука во оваа година употребиле дел од тие средства најмалку до износот од точка 1 став 3 на Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија.

5. Банките што ја применуваат оваа одлука се должни во пресметката на задолжителната резерва посебно да ги искажат средствата на депозитот од точка 1 став 2 на Одлуката за височината на задолжителната резерва на деловните банки кај Народната банка на Југославија, а посебно кредитите што се дадени во смисла на оваа одлука по 1 јануари 1972 година.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

О. бр. 3
13 јануари 1972 година
Белград

**Народна банка на Југославија**

Вицегувернер,
**Бранислав Чолановиќ**, с. р.

**22.**

Врз основа на член 11 став 1, во врска со член 24 став 1 точка 5 и чл. 184 и 185 од Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/69), донесувам

## ОДЛУКА

### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ИЗБОР НА ТРИ ПРАТЕНИЦИ ЗА СОЈУЗНАТА СКУПШТИНА

1. Се распишуваат дополнителни избори за избор на три пратеници за Сојузната скупштина, и тоа:

за Соборот на народите на Сојузната скупштина се избира еден пратеник во Социјалистичка Република Црна Гора;

за Стопанскиот собор на Сојузната скупштина се избира еден пратеник во Изборната единица 17 — Зеница;

за Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина се избира еден пратеник во Изборната единица 113 — Кикинда.

2. Дополнителните избори ќе се одржат, согласно со одредбите од Законот за избор на сојузни пратеници („Службен лист на СФРЈ", бр. 3/69), и тоа:

за Соборот на народите на Сојузната скупштина до 27 март 1972 година;

за Стопанскиот собор на Сојузната скупштина на 21 март 1972 година;

за Општествено-политичкиот собор на Сојузната скупштина во недела на 26 март 1972 година.

3. Роковите за вршење на изборните дејствија почнуваат да течат од 27 јануари 1972 година.

Бр. 020-1/72-1
5 јануари 1972 година
Белград

Претседател на
Сојузната скупштина,
**Мијалко Тодоровиќ,** с. р.

---

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за паритетот на динарот, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 58/71, се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА ПАРИТЕТОТ НА ДИНАРОТ

Во член 1, наместо бројот: „20.769,78" треба да стои бројот: „20.769,38".

Од Секретаријатот за законодавство на Сојузната скупштина, Белград, 14 јануари 1972 година.

---

По извршеното споредување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за избор на членови на Сојузниот извршен совет, за именување на потпретседател и секретар на Сојузниот извршен совет и за разрешување од должност и именување на сојузни секретари, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 55/71, се поткраднала долунаведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ, ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ И СЕКРЕТАР НА СОЈУЗНИОТ ИЗВРШЕН СОВЕТ И ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ И ИМЕНУВАЊЕ НА СОЈУЗНИ СЕКРЕТАРИ

Во оддел I, во точка 6, наместо зборовите: „инж. Драган Милоевиќ" треба да стојат зборовите: „дипл. инж. Драгомир Милоевиќ".

Од Секретаријатот за законодавство на Сојузната скупштина, Белград, 14 јануари 1972 година.

---

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на точка 2 од Одлуката за организацијата и делокругот на Советот за работите на народната одбрана, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА РАБОТИТЕ НА НАРОДНАТА ОДБРАНА

За член на Советот за работите на народната одбрана се именува Данило Лекиќ, претседател на Комисијата за општонародна одбрана на Претседателството на Сојузот на комунистите на Југославија.

Бр. 733/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За секретар на Советот за надворешни работи на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Лазар Удовички, досегашен амбасадор на СФРЈ во Уругвај.

Бр. 738/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За секретар на Советот за економски прашања на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Вукашин Драгоевиќ, досегашен помошник-сојузен секретар за стопанство.

Бр. 741/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски,** с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ ЗА РАБОТИТЕ НА ДРЖАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За секретар на Советот за работите на државната безбедност на Претседателството на Социјалис-

тичка Федеративна Република Југославија се именува Иван Мишковиќ, генерал-полковник на ЈНА.

Бр. 735/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА СОВЕТОТ ЗА РАБОТИТЕ НА НАРОДНАТА ОДБРАНА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

За секретар на Советот за работите на народната одбрана на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Иван Долничар, генерал-полковник на ЈНА.

Бр. 734/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ШЕФ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА ОРДЕНИ

За шеф на Канцеларијата за ордени во Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Милорад Ерцег, досегашен помошник-шеф на Кабинетот на Претседателот на Републиката.

Бр. 732/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РАКОВОДИТЕЛ НА ГРУПАТА ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА

За раководител на Групата за економски прашања во Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Владимир Богдановиќ, досегашен специјален советник во Кабинетот на претседателот на Сојузната скупштина.

Бр. 740/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

---

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI, точка 3 под 9, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на петтата седница одржана на 24 декември 1971 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РАКОВОДИТЕЛ НА ГРУПАТА ЗА НАДВОРЕШНОПОЛИТИЧКИ РАБОТИ

За раководител на Групата за надворешнополитички работи во Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се именува Мухамед Кешетовиќ, досегашен член на Извршниот одбор на Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија.

Бр. 739/71-П
27 декември 1971 година
Белград

Потпретседател
на Претседателството на СФРЈ,
**Крсте Црвенковски**, с. р.

---

# ПОМИЛУВАЊА

Врз основа на Уставниот амандман XXXVI точка 8 и член 11 од Законот за помилување Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Се ослободуваат од понатамошно извршување на изречената односно порано намалената казна строг затвор, затвор или малолетнички затвор:

Ацкета Митар Владимир, Ахмети Исо Мифтар, Андриќ Ѓорѓе Сава, Алексиќ Миќа Софија, Апостоловски Вељо Станко, Аризановски Стојан Киро, Арсов Јован Љубомир, Антиќ Ибро Салих;

Бабиќ Драгутин Божидар, Баловски Садрија Идриз, Бериша Зејно Азем, Биланџија Јозо Јозо, Бојков Тодор Трајко, Босанчиќ Вељко Бранислав, Бубања Живана Ѓорѓе;

Цуковиќ Бејир Назира, Цветковиќ Антоние Душан, Цветковиќ Мија Владимир;

Ќерим Максут Суљај, Чобриќ Химзо Хашим;

Далипи Ризо Нијази, Дамчевски Ставре Целе, Деспот Драго Миќо, Дојчиновски Јаким Русе, Драгиќ Јован Ливиус, Дулиќ Мартин Стјепан;

Ѓорѓиев Милан Киро, Ѓорѓевиќ Борисав Радосав, Ѓуриќ Пера Срета;

Ефтимов Душан Драган, Елмази Риза Шабан;

Феризај Ислам Бајрам, Флора Тодоров Пера Јован;

Глигориќ Сима Владо, Глишиќ Петроние Надежда, Грашиќ Шпира Вјерочка, Гуцунски Славко Ѓорѓе;

Хаџиќ Хамид Махмут, Хајриќ Мустафа Ферид, Хоџиќ Ајдин Ибрахим;

Исмаилоски Фаик Јаја;

Јаковљевиќ Радое Драгутин, Януз Януз Јашар, Јојиќ Александар Драгољуб, Јосифовски Ефто Вељан, Јовановиќ Велимир Ѓорѓе, Јовановиќ Милан Милорад, Јовановиќ Богдан Владан;

Кандучар Иван Иван, Кариќ Мехмед Осман, Кашпер Божиќ Франц Марија-Мара, Кеменц Мирко Мирко, Ковачевиќ Смајо Енес, Кимовски Ѓорѓи Стојан, Козиќ Раде Сава;

Лазовиќ Ненад Миљко, Лукаќ Миле Душанка;

Мајсторовиќ Драго Петар, Макрин Витомир Александар, Малешевиќ Стеван Живко, Мандиќ Спасо Илија, Манеску Сретко Радиша, Маневски Крум Ристоман, Марковиќ Милан, Марковски Трајан Благое, Миќановиќ Коста Гојко, Михајловиќ Михајло Јефто, Михајловиќ Сава Милош, Михајловиќ Петар Радован, Мијатовиќ Мијаило Живадин, Миленковиќ Анѓелко Владислав, Милеусниќ Петар Пера, Милијиќ Божидар Љубомир, Милиќ Лазар Стево, Милојковиќ Љубомир Жарко, Миочиновиќ Мила Лазо, Мирковиќ Илија Светозар, Мршник Иван Јоже, Мурадбеговиќ Ибрахим Ферид, Мушовиќ Абаз Але;

Наќевски Цветан Данило, Наумовски Никола Тома, Недељковиќ Живорад Драгомир, Недељковиќ Влада Немања, Неретљак Салих Ејуб, Никодиевиќ Милосав Љубомир;

Орловиќ Павле Машо;

Пецовски Новко Војо, Петров Милош Стеван, Петровски Тале Костадин, Плавшиќ Душан Љубиша, Погачник Борис Маријан, Попржан Ѓура Слободан;

Радосављевиќ Милан Милан, Радукиќ Спасое Андрија, Радуновиќ Миливое Ратомир, Рамадани Бектеш Ибраим, Рашити Хајриз Хануш, Рушити Раиф Назмија, Ранѓеловиќ Владимир Теофило, Рушидов Вехби Рамадан;

Сабадош Михајло Љубомир, Сали Халим Јакуп, Сали Халим Мехмет, Ситар Скок Франц Иванка, Скендеровски Михаило Креста, Смаиловиќ Ахмет Расим, Спахиќ Авдо Хашим, Стефановски Ѓорѓи Ицко, Стефанов Раденко Велизар. Стојановиќ Коста Ранѓел, Стојановски Филип Трајан, Субашиќ Мехмед Керим, Суцуи Ќето Миодраг;

Шиканиќ Јован Бранко;

Танасин Паја Стеван, Тасиќ Петар Александар, Тодоровиќ Драгослав Владимир. Тепаловиќ Милое Светомир, Тот Стеван Ковинко, Трумбеташ Веселин Мирослав;

Ваневски Тоде Спиро, Вангелов Томе Димитар, Велиќ Зулфо Алија, Варга Ференц Ференц, Величковиќ Гавро Радое, Величковиќ Јеврем Живка, Велковски Копе Стојан, Везар Јован Милосав. Возаревиќ Љубомир Јован, Вујниќ Миле Душан;

Жгеч Томаж Катица, Живковиќ Владислав Божидар, Живковиќ Драгутин Јездимир, Живкушиќ Лука Драго.

II

Им се намалува изречената односно порано намалената казна строг затвор, затвор или малолетнички затвор на:

Абази Сулејман Џемаил од 9 (девет) на 8 (осум) години;

Абази Бислим Риза од 20 (дваесет) на 17 (седумнаесет) години;

Абази Бекир Шабан од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Адеми Ариф Алија од 6 (шест) години и 8 месеци на 5 (пет) години и 8 месеци;

Адили Амди Адил од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Ахметовиќ Осман Ибрахим од 18 (осумнаесет) на 16 (шеснаесет) години;

Ајвазовски Феим Шабан од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Алексиќ Милун Спасое од 14 (четиринаесет) на 12 (дванаесет) години и 6 месеци;

Алијагиќ Мустафа Саит од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;

Аметовски Зендел Амит од 6 (шест) години на 5 (пет) години и 6 месеци;

Ампов Пане Ванчо од 7 (седум) на 6 (шест) години;

Анѓелиќ Илија Илија од 12 (дванаесет) на 11 (единаесет) години;

Ангеловски Темелко Димче од 10 (десет) на 8 (осум) години;

Антиќ Драгољуб Слободан од 5 (пет) години на 4 (четири) години;

Антуновиќ Бартол Филип од 4 (четири) на 3 (три) години;

Анзуловиќ Шиме Дамир од 10 (десет) на 8 (осум) години;

Арифи Хајро Кадрија од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;

Арифовиќ Авдо Фадил од 14 (четиринаесет) на 12 (дванаесет) години;

Арсиќ Драгое Зоран од 5 (пет) на 4 (четири) години;

Аслани Мусли Јакуп од 10 (десет) на 8 (осум) години;

Авгуштин Иван Иван од 4 (четири) години и 6 месеци на 3 (три) години и 10 месеци;

Бабиќ Шиме Јакоб од 20 (дваесет) на 18 (осумнаесет) години;

Бабиќ Осман Реко од 9 (девет) на 8 (осум) години;

Бабиќ Влада Вељко од 3 (три) години и 8 месеци на 2 (две) години и 8 месеци;

Бадњак Иван Мија од 9 (девет) на 7 (седум) години;

Бациќ Милован Милан од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Баиќ Сава Милан од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Бајрами Ејуп Казим од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;

Бајриќ Суља Хајрудин од 6 (шест) на 5 (пет) години;

Бален Даниел Марко од 11 (единаесет) и 4 месеци на 10 (десет) години;

Балинт Михајло Влада од 3 (три) години и 6 месеци на 2 (две) години и 6 месеци;

Баловиќ Божидар Аранѓел од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Банчевиќ Раде Милан од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;

Бањац Тодор Илија од 7 (седум) на 5 (пет) години;

Барета Марин Кајо од 10 (десет) на 8 (осум) години;

Баришиќ Грга Иван од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Басара Душан Миле од 6 (шест) на 5 (пет) години;

Башиќ Хусеин Хасо од 12 (дванаесет) години и 2 месеци на 10 (десет) години;

Батиниќ Фрањо Славко од 12 (дванаесет) години и 7 месеци на 11 (единаесет) години и 7 месеци;

Бечиќ Јуре Слободан од 6 (шест) години на 5 (пет) години;

Бејдиќ Мехо Џемал од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 месеци;

Бекири Дурак Амет од 10 (десет) на 8 (осум) години;

Бељуљи Шукри Исен од 12 (дванаесет) на 9 (девет) години и 6 месеци;

Бенчиќ Мија Драгутин од 12 (дванаесет) на 11 (единаесет) години;

Бериша Мурат Ахмет од 20 (дваесет) на 18 (осумнаесет) години;

Бериша Исуф Бехрам од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;

Бериша Сали Ибрахим од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Бериша Шабија Шаип од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;

Бераниќ Матилда Марјан од 3 (три) години и 6 месеци на 3 (три) години;

Бесермињи Никола Данило од 4 (четири) на 2 (две) години;

Безјак Драгутин Станко од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Бицановиќ Илија Милорад од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;

Бињаку Делија Муслија од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Бисениќ Радосав Божидар од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 месеци;

Битиќ Јакуп Бајруш од 7 (седум) години и 6 месеци на 6 (шест) години и 6 месеци;

Битиќ Јакуп Мухадин од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Битиќи Хамзо Шабан од 20 (дваесет) на 18 (осумнаесет) години;

Благоевиќ Живоин Спасое од 4 (четири) на 3 (три) години;

Блануша Сима Милутин од 8 (осум) години и 6 месеци на 6 (шест) години и 6 месеци;

Блажиновиќ Фрањо Марко од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;

Блажиновиќ Павле Стјепан од 10 (десет) на 9 (девет) години;

Бобан Мато Јерко од 2 (две) години на 1 (една) година и 6 месеци;

Бочкај Иван Људевит од 7 (седум) на 6 (шест) години;

Боговчиќ Мартин Душан од 1 (една) година на 9 (девет) месеци;

Бојчета Мила Стева од 4 (четири) години на 3 (три) години;

Бојковиќ Миленковиќ Драгољуб Радослав од 10 (десет) на 9 (девет) години;

Борковиќ Петар Душан од 14 (четиринаесет) на 12 (дванаесет) години;

Боромиса Мирко Никола од 10 (десет) години и 6 месеци на 8 (осум) години;

Божиќ Ивка Ленци од 15 (петнаесет) на 14 (четиринаесет) години;

Божиновиќ Никола Љубинка од 10 (десет) на 7 (седум) години;

Брадиќ Стјепан Иван од 14 (четиринаесет) на 13 (тринаесет) години;

Брадоњиќ Радисав Миодраг од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;

Брајдиќ Фердинанд Валентин од 13 (тринаесет) на 12 (дванаесет) години;

Брајица Анто Филип од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;

Брајица Анто Фране од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;

Бранковиќ Новак Велимир од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;

Бркиќ Маријан Маријан од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;

Бркиќ Мехмед Мехмед од 3 (три) години на 2 (две) години и 6 месеци;

Броскиќ Ѓорѓе Видое од 11 (единаесет) на 9 (девет) години;

Бруиќ Дане Милош од 4 (четири) на 3 (три) години;

Брзовиќ Рамо Мемшо од 20 (дваесет) на 18 (осумнаесет) години;

Бугарски Славко Паја од 5 (пет) на 4 (четири) години;

Булатовиќ Радош Борислав од 6 (шест) на 5 (пет) години;

Буразеровиќ Мурат Тахир од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Буриќ Јосо Фрања од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Џамовиќ Касум Хазир од 18 (осумнаесет) на 15 (петнаесет) години;

Cholewa Јосип д-р Анамарија од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;

Цигале Франц Петер од 2 (две) години и 6 месеци на 2 (две) години;

Цигиќ Јура Карло од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;

Цириковиќ Асим Иса од 9 (девет) на 7 (седум) години и 6 месеци;

Цујзек Фрањо Стјепан од 5 (пет) на 4 (четири) години;

Цупач Бранко Стеван од 5 (пет) на 4 (четири) години;

Цветиќ Јован Чедомир од 11 (единаесет) на 9 (девет) години;

Цветковиќ Маријан Ѓура од 4 (четири) на 3 (три) години;

Цветковиќ Тихомир Зоран од 5 (пет) на 4 (четири) години;

Цвијановиќ Марко Недељко од 13 (тринаесет) години и 6 месеци на 11 (единаесет) години и 6 месеци;

Цвијовиќ Богољуб Миленко од 11 (единаесет) на 9 (девет) години и 6 месеци;

Ќатиќ Јусуф Акиф од 4 (четири) години на 3 (три) години и 6 месеци;

Ќеман Махмуд Ибрахим од 9 (девет) години и 6 месеци на 8 (осум) години;

Ќирковиќ Богољуб Миломир од 6 (шест) на 5 (пет) години;

Ќоралиќ Мухо Пашага од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;

Ќуни Тома Зефо од 6 (шест) години на 5 (пет) години;

Ќурчиќ Никола Богдан од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Ќурувија Урош Владимир од 2(две) години на 1 (една) година и 6 месеци;

Чечавац Сима Ѓорѓе од 4 (четири) на 3 (три) години;

Чехулиќ Изидор Крунослав од 9 (девет) на 8 (осум) години;

Черкез Станко Станко од 10 (десет) на 9 (девет) години;

Читуљски Карло Марко од 10 (десет) на 9 (девет) години;

Чизмар Иван Стјепан од 8 (осум) на 7 (седум) години;

Чизмар Јосип Тома од 10 (десет) на 8 (осум) години;

Чорокало Никола Петар од 5 (пет) на 4 (четири) години и 6 месеци;

Чукеловски Марко Звонко од 3 (три) на 2 (две) години и 4 месеци;

Дабиќај Шабан Селман од 9 (девет) на 8 (осум) години;
Дациќ Абиб Љутви од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;
Дакај Аљуш Дервиш од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;
Далиповски Салиф Усеин од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;
Давидовиќ Саво Илија од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;
Давидовиќ Љубомир Павле од 4 (четири) на 3 (три) години;
Дедиќ Филип Јездимир од 4 (четири) години и 6 месеци на 2 (две) години и 6 месеци;
Дедиќ Вукота Петар од 5 (пет) на 4 (четири) години;
Делевиќ Хамче Јакуп од 12 (дванаесет) на 11 (единаесет) години;
Делија Осман Ибро од 12 (дванаесет) на 11 (единаесет) години;
Делија Сулејман Хаљиљ од 8 (осум) на 7 (седум) години и 6 месеци;
Дељанин Милиќ Слободан од 2 (две) години и 6 месеци на 2 (две) години;
Демири Ариф Авдуљ од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;
Демири Беџет Јонуз од 15 (петнаесет) на 13 (тринаесет) години;
Денај Алија Авдо од 12 (дванаесет) на 10 (десет) години;
Депалов Жарко Ѓорѓе од 8 (осум) години и 4 месеци на 7 (седум) години;
Девеџија Фехим Мустафа од 11 (единаесет) на 9 (девет) години;
Девиќ Гаја Раде од 14 (четиринаесет) години и 1 месец на 12 (дванаесет) години;
Димчиќ Спаса Пера од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години и 6 месеци;
Димитриевиќ Најдан Адам од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;
Димитриевиќ Димитрија Влајко од 10 (десет) на 8 (осум) години и 6 месеци;
Димовиќ Андраш Лукач од 7 (седум) години и 2 месеци на 6 (шест) години;
Димовски Благоја Томислав од 7 (седум) на 6 (шест) години;
Димовски Ванчо Трајче од 10 (десет) на 9 (девет) години;
Диздаревиќ Мехмед Азиз од 13 (тринаесет) на 11 (единаесет) години;
